**Влада на Република Северна Македонија**

Скопје, 24 декември 2024 година
Бр. 41-13027/3

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 24 декември 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | м-р Љубомир Кукоски, советник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовска, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Игор Јанушев, генерален секретар на Владата |

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и

проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ: Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и

Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, по скратена постапка

Скопје, декември 2024 година

ВОВЕД

# I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

## 1. Нов План за раст за Западен Балкан

На 8 ноември 2023 година Европската Комисија го поднесе до Европскиот парламент и до Советот на Европската Унија новиот План за раст на Западен Балкан заедно со Регулативата за воспоставување на финансиски инструмент за реформи и раст на Западен Балкан. Регулативата беше усвоена од Европскиот парламент и од Советот на ЕУ на 14 мај 2024 година, објавена во Службен весник на Европската Унија и стапена на сила на 25 мај 2024 година.

Со Планот треба да се реализираат 4 цели (наречени столбови):

1. Зајакнување на економската интеграција во Единствениот пазар на Европската Унија, за што услов е Западен Балкан да постапува според правилата на Единствениот пазар и во исто време да ги отвори релевантните области за соседите, во согласност со Заедничкиот регионален пазар. Клучни области се слободното движење на производи, услуги и работна сила, Единствената европска платежна област, транспортот, енергијата и дигиталниот единствен пазар;
2. Поттикнување на економската интеграција во рамките на Западен Балкан преку Заедничкиот регионален пазар, заснован на правила и стандарди на Европската Унија, што може да го зголеми растот на економиите за 10%;
3. Забрзување на фундаменталните реформи, поддршка на патот на регионот кон членство во Европската Унија, подобрување на одржливиот економски развој, вклучително и преку привлекување странски инвестиции, и зајакнување на регионалната стабилност;
4. Зголемување на финансиската поддршка за спроведување на фундаменталните реформи – инструментот од шест милијарди евра се состои од две милијарди во форма на грантови и четири милијарди како поволни заеми, при што исплатата на средствата ќе зависи од спроведувањето конкретни реформи од страна на партнерите од Западен Балкан.

Како дел од третиот столб од овој План за раст, секоја земја-корисник од Западен Балкан, вклучително и Република Северна Македонија подготви Реформска агенда која се однесува на периодот 2024-2027 година.

## 2. Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027

Реформската агенда се однесува на периодот 2024-2027 година и се заснова на ревидираната методологија на Европската Унија, најновиот пакет за проширување, Економскиот-инвестицискиот план за Западен Балкан, структурните реформи од Програмата за економски реформи (ЕРП) и поврзани заеднички заклучоци договорени на Економско-финансискиот дијалог од мај 2023 година. Реформската агенда идентификува ограничен сет на приоритетни реформи, поделени на квалитативни и квантитативни чекори кои ќе служат како услови за плаќање, т.е. кога ќе се постигнат, ќе предизвикаат ослободување на финансиски средства од Европската Унија, според однапред одредена временска динамика.

Основната цел на Реформската агенда на Северна Македонија е засилено спроведување на реформите преку забрзување на усогласувањето со вредностите, законите, правилата, стандардите, политиките и практиките на јавниот сектор на Унијата, обезбедување на негово транспарентно управување, развој на конкурентна и зелена економија и поддршка на процесот на пристапување со поглед на идното членство во

Унијата.

Имплементацијата на реформската агенда претставува значаен исчекор во процесот на интеграција на земјата во Европската Унија. Реформите ќе придонесат за социо-економска конвергенција со Европската Унија и ќе и помогнат на земјата во исполнувањето на клучните критериуми за пристапување.

Главните цели на Реформската агенда се групирани во 6 области на политики:

1.Основно право и владеење на правото
2.Владеење/Реформа на јавната администрација и управување со јавните финансии
3.Енергија/зелена транзиција
4. Човечки капитал
5.Развој на приватниот сектор и деловно опкружување
6. Дигитализација

Министерството за европски прашања на 6 септември 2024 година до Европската Комисија ја достави Реформската агенда 2024-2027. Европската комисија на 23 октомври 2024 година донесе Одлука за спроведување со која ги одобри реформските агенди на државите од Западен Балкан вклучително реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027. Одлуката предвидува Европската Комисија со секоја држава да склучи два договори:

- Договор за Инструментот со кои се пропишува начинот и постапката за спроведување на реформите и добивање на средствата од Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, како и
- Договор за заем со кои се пропишува начинот и постапката за користење на заемот, кој е дел од Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан.

Со целосно спроведување на реформите од Реформската агенда Северна Македонија ќе добие 750.354.553 евра во периодот 2024-2027 година, од кои 535.012.159 евра заем и 215.342.394 евра грант. Од нив 349.095.433,75 евра заем се наменети за буџетска поддршка, а 185,916,725.25 евра заем и 215,342,394.00 евра грант се наменети за инвестициски проекти.

Текстот на Договорот за заем е во прилог на овој материјал.

Предуслов за склучување на горенаведениот Договор за заем со Европската унија е усвојување на Законот за задолжување од страна на Собранието на Република Северна Македонија и негово објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 151/21), во име на Република Северна Македонија, договор за заем склучува Владата на Република Северна Македонија, кој министерот за финансии го потпишува во името на Владата на Република Северна Македонија, по претходно донесен закон за задолжување.

Имајќи го предвид наведеното, Владата изготви Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на обезбедувањето на овој заем е предвидените мерки во рамките на Реформската агенда 2024-2027 да ѝ овозможат на земјата да напредува во областа на владеењето на правото, да ја зголеми ефикасноста на јавната администрација и судството, да ги подобри јавните услуги, да ја зголеми продуктивноста и да создаде нови работни места, како и напредок во дигитализацијата и зелената транзиција. Спроведувањето на мерките ќе придонесе за зајакнување на капацитетите на земјата да одговори на шокови, да ја одржи макроекономската стабилност и да постигне одржлив и

инклузивен раст.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на закон е обезбедување на средства за директна буџетска поддршка и средства за поддршка за инвестициски проекти преку Инвестициската рамка за западен Балкан (ИРЗБ) согласно одредбите од Договорот за заем и важечките закони.

Оттука, Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската унија ќе склучат Договор за заем.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Средствата од 6 милијарди евра ќе бидат доделени на земјите од Западен Балкан според формула базирана на висина на БДП и број на население. Република Северна Македонија со целосно спроведување на реформите од Реформската агенда ќе добие 750.354.553 евра во периодот 2024-2027 година, од кои 535.012.159 евра заем и 215.342.394 евра грант. Од нив 349.095.433,75 евра заем се наменети за буџетска поддршка, а 185,916,725.25 евра заем и 215,342,394.00 евра грант се наменети за инвестициски проекти. Најмалку 37% од грантот ќе бидат наменети за климатски цели.

Сите повлечени средства од заемот ќе се отплаќаат најдоцна 40 години од датумот на потпишување на Договорот за заем со вклучен грејс период до 10 години.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог на закон и во Образецот за проценка на фискалните импликации даден во прилог на овој материјал.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА УНИЈА ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА РЕФОРМИ И РАСТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, да се донесе по скратена постапка.

Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Европската Унија со заем во износ од 535.012.159 евра, наменет за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпишат министерот за финансии и гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

Член 3

Министерството за финансии до Европската комисија ќе поднесе Барање за повлекување на средства од заемот од членот 1 од овој закон. Средствата ќе се повлекуваат на рати. Европската Комисија може да ги исплаќа ратите во една или повеќе транши.

За секоја исплата на рата или транша од заемот Европската комисија ќе издаде Потврда за прифаќање, во која ќе бидат утврдени конечните услови, меѓу кои се: износ на главница, нето-износ на исплата, датум на исплата, датум на доспевање, датуми на плаќање камата, прв датум на плаќање камата, датуми на доспевање и каматен период.

Сите повлечени средства ќе се отплаќаат најдоцна 40 години од датумот на потпишување на Договорот за заем со вклучен грејс период до 10 години.

Отплатата на износот на главницата од повлечените средства започнува од 2034 година и се распределува рамномерно на еднакви отплати во текот на преостанатиот период на доспевање на повлечените средства.

Член 4

Средствата од заемот од членот 1 од овој закон ќе се користат за поддршка на Буџетот на Република Северна Македонија и поддршка за инвестициски проекти преку Инвестициската рамка за Западен Балкан.

Член 5

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Овој заем во износ од 535.012.159 милиони евра Република Северна Македонија ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Министерството за финансии до Европската комисија ќе поднесе Барање за повлекување на средства од заемот од членот 1 од овој закон. Средствата ќе се повлекуваат на рати. Европската Комисија може да ги исплаќа ратите во една или повеќе транши. Последното Барање за повлекување на средства од заемот може да се поднесе до 30 септември 2027 година.

За секоја исплата на рата или транша од заемот Европската комисија ќе издаде Потврда за прифаќање, во која ќе бидат утврдени конечните услови, меѓу кои се: износ на главница, нето-износ на исплата, датум на исплата, датум на доспевање, датуми на плаќање камата, прв датум на плаќање камата, датуми на доспевање и каматен период.

Сите повлечени средства ќе се отплаќаат најдоцна 40 години од датумот на потпишување на Договорот за заем со вклучен грејс период до 10 години.

Отплатата на износот на главницата од повлечените средства започнува од 2034 година и се распределува рамномерно на еднакви отплати во текот на преостанатиот период на доспевање на повлечените средства.

Предуслов за склучување на горенаведениот договор со Европската унија е усвојување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 151/21) во име на Република Северна Македонија, договор за заем склучува Владата на Република Северна Македонија, кој министерот за финансии го потпишува во името на Владата на Република Северна Македонија, по претходно донесен закон за задолжување.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

Поради итноста на потребата за склучување на Договорот за заем, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По усвојување на Законот за задолжување од страна на Собранието на Република Северна Македонија и неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“ ќе се пристапи кон склучување на Договор за заем помеѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и Европската унија.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со обезбедувањето на овој заем ќе се забрза спроведувањето на фундаменталните реформи предвидени со Реформската агенда 2024-2027.

Средствата од заемот ќе се користат за поддршка на Буџетот на Република Северна Македонија и поддршка за инвестициски проекти преку Инвестициската рамка за Западен Балкан (ИРЗБ).

Влада на Република Северна Македонија

**ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ**

| | |
|---|---|
| **1. Назив на предлогот:** | **2. Министерство / орган на државна управа :** |
| Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, по скратена постапка | Министерство за финансии |
| **3. Цел на предлогот:** | **4. Вид на предлог:** |
| Обезбедување на средства за директна буџетска поддршка и средства за поддршка за инвестициски проекти преку Инвестициската рамка за Западен Балкан | Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, по скратена постапка |
| **5. Контакт лице и звање:** | **6. Контакт тел./факс или е-пошта:** |
| Сузана Пенева, државен советник | Тел. 3255 373<br>suzana.stoimceva@finance.gov.mk |

**7. Активност:**

**8. Вид на барање:**

| | | |
|---|---|---|
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ | ( ) Нова програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| ( ) Друга нова регулатива | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Спојување на две или повеќе програми |

**9. Цел на барањето / предложената активност:**

По усвојување на Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, ќе се пристапи кон потпишување на Договорот за заем.

**10. Врска со владината програма:**

/

| **11. Фискални импликации:** | **(илјади денари)** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2024 год.** | **2025 год.** | **2026 год.** | **2027** |
| А. Вкупни трошоци за предлогот | 0 | 153.955 | 625.209 | 957.527 |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| B. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| C. Промена (разлика) од одобрените средства (B-A)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| D. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| E. Нето импликации на средствата на органот (C-D)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| F. Зголемување / намалување на приходите | 751 | 9.012 | 10.092 | 13.049 |
| G. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: Заем од Европската унија | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: | | | | |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 A до 11 G) | Европската унија ќе одобри заем во износ од 535.012.159 евра кој ќе се сервисира согласно условите кои се дефинирани со Договорот за заем. | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение | | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката | | | | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење | | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии | | | | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии | | | | |
| 19. Одговор на министерството-предлагач: | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | | | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог | | | |
| 22. Одобрено / Дата: | | | |
| ____________ Државен секретар Андриана Матлиоска | ____/____/______ Ден / месец / год. | ____________ Министер за финансии м-р Гордана Димитриеска – Кочоска | ____/____/______ Ден/ месец/год. |

Изработил: Елена Велјаноска/Azem Haxhiu /Елена Оранска Петковска
Контролирал: Тања Колева
Одобрил: Кристина Павловска/м-р Андрија Алексоски/ м-р Рената Давитkова Панчева
Сузана Пенева

Проверил: Катерина Антовска